***З А П И С Н И К***

***од петта седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 16.01.2026 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во $11^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11(единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11(единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Богдан Стојановски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Илче Ангелевски, Ивана Димчевска-Гиковска, Клара Кузмановска и Гоце Јончевски. Од општинската администрација присутни беа Катерина Огненовска, Игор Дамјановски и Александра Трајковска. Присутни беа директорот на ЈКП Комуналец Демир Хисар Гоце Мицковски и директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски.

Записникот го водеше Александра Трајковска.

-Усвојување на записник од трета седница на Совет на Општина Демир Хисар Советникот Гоце Јончевски се изјасни за одредени забелешки во записникот и тоа во точка 5 дека 10 биле ,,за" а не 9 во точка 13 дека сите 10 биле ,,за" и во точка 18 печатна грешка во името на советничката Валентина Ѓорѓијовска. Други забелешки немаше. Записникот беше усвоен со 9 ,,за", против и воздржани немаше.

- Усвојување на записник од четврта седница на Совет на Општина Демир Хисар Записникот беше усвоен со 9 ,,за", против и воздржани немаше

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.383, КО Суводол во идна урбанистичка планска документација.
2. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.1693, КО Вардино во идна урбанистичка планска документација.
3. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година.
4. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на Општина Демир Хисар за 2026 година.
5. Донесување на Решение за именување членови на Управен одбор во Дом на култура ,,Илинден" Демир Хисар
6. Донесување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2025 година.
7. Донесување на Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.
8. Усвојување на Годишна Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2026 година.

9. Усвојување на Финансиски извештај за остварени резултати на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2025 до 30.09.2025 година.
10. Усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2026 година.
11. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовник за вршење на превоз на ученици врз основа на Одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.
12. Донесување на Решение за разрешување и именување на претседател на Комисија за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи.
13. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на дневниот ред со 5(пет) точки. И тоа со точка 2.Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.1693, КО Вардино во идна урбанистичка планска документација, точка 3.Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година, точка 4.Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на Општина Демир Хисар за 2026 година, точка 7.Донесување на Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности и точка 12.Донесување на Решение за разрешување и именување на претседател на Комисија за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи. Забелешки немаше. Со 9 ,,за” беше донесен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.383, КО Суводол во идна урбанистичка планска документација.***

Во врска со оваа точка објаснување имаше Катерина Огненовска кажа дека се работи за објект со различна намена кој треба да се пренамени, на тоа се надоврза советникот Илче Ангелевски кој истакна дека се работи за објект со кој тој располага и согласно член 65 од Статутот на општината нема да учествува во процесот на одлучување во оваа точка. Дискусија повеќе немаше. Со 9 ,,за” беше донесена Одлуката.

***ТОЧКА 2.Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.1693, КО Вардино во идна урбанистичка планска документација.***

Во врска со оваа точка објаснување имаше Катерина Огненовска, објасни дека овде е друга ситуација за разлика од претходната точка и дека за овој објект нема документација и треба да се вклопи во идна урбанистичка планска документација. Дискусија немаше. Со 11 ,,за” беше донесена Одлуката.

***ТОЧКА 3.Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година.***

За оваа точка објаснување имаше Катерина Огненовска, со што им објасни дека сите измени кои ги направија на претходната седница во однос на оваа програма се дополнети и изменети. Дискусија немаше. Со 11 ,,за” беше донесена Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година.

***ТОЧКА 4. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на Општина Демир Хисар за 2026 година.***

И за оваа Одлука објаснување имаше Катерина Огненовска, им објасни дека ова е вклопување на подпрограмата во Програмата. Дискусија немаше. Со 11 ,,за” беше донесена Одлуката.

***ТОЧКА 5.Донесување на Решение за именување членови на Управен одбор во Дом на култура ,,Илинден” Демир Хисар***

За оваа точка од редот на истакнати поединци од областа на културата беа предложени Цвете Христовска Демир Хисар, Христијан Тасевски с.Суводол и Љубомир Прчков Демир Хисар. Од редот на вработените во Дом на култура Илинден Демир Хисар беше предложен Зоран Котевски и претставник од локалната самоуправа на предлог на Градоначалникот беше Билјана Пејковска. Дискусија и други предлози немаше. Со 11 ,,за” беше донесено Решението за именување на членови во Управен одбор во Дом на култура Илинден Демир Хисар.

***ТОЧКА 6.Донесување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2025 година.***

За Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше Игор Дамјановски кој е службено лице за посредување со информации од јавен карактер. Секоја година на почеток се изготвува извештај за претходната. Претседателот на совет Никола Дранговски истакна дека нашата општина е на прво место во транспарентност. Советничката Валентина Ѓорѓијовска праша дали сите институции како и институциите под локална самоуправа се обврзани да имаат назначено службено лице за посредување со информации од јавен карактер и да изготвуваат извештај до крајот на Јануари за претходната година. Игор објасни дека по закон сите , но секоја институција за себе, ние немаме никаква обврска во врска со тоа кон институциите под локална самоуправа, сите се запознаени по закон како треба да постапуваат, но доколку имаат потреба тука сме за соработка и да му излеземе во пресрет. Советничката продолжи дали има формулар барање за информации од јавен карактер на web страната на општината , Игор Дамјановски објасни дека има и формулар и се што е поврзано со информациите од јавен карактер е објавено на страната. Советничката Валентина праша дали можи усно барање за информации од јавен карактер и како тоа ќе влезе во извештај. Игор продолжи да можи усно да побара, но ние како институција мора да оформиме предмет и да го внесиме. Најчести барања се од невладини организации. Советничката Валентина Ѓорѓијовска побара објаснување дали може странски правни или физички лица да поднесат барање. Игор одговори дека можи и имаше пример. Советничката Валентина продолжи си тоа дали доколку административен службеник даде информација која не треба да ја даде е злоупотреба на деловна тајна. Секој административен службеник потпишува изјава за доверливост се надоврза Игор Дамјановски. Советникот Љупчо Најдовски праша дали комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи во однос со поплавите излезе на терен. Игор Дамјановски објасни дека претседателот на комисијата поднесе оставка како стручно лице и комисијата не е во полн состав и се соочувасо одредени проблеми и притисоци, Советникот Љупчо Најдовски предложи комисијата да оди на терен во полн состав. Игор објасни дека комисијата излага на терен по престанување на опасноста, штом се повлечи водата да направи проценка па се прави елаборат. Дел од општините во такви случаи прогласуваат природна непогода, но тоа е надлежност на централната власт а не на советот. До сега имаме изготвено 25 елаборати, сите се исплатени и не сме имале забелешки. Дискусија повеќе немаше. . Со 11 ,,за” беше донесена Одлуката Одлука за усвојување на Годишен извештај за

остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2025 година.

***ТОЧКА 7.Донесување на Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.***

Објаснување имаше Игор Дамјановски за оваа точка. Оваа Одлука ја изготвува ЦУК а ја носи соетот. Имаат право да бараат вонредно или редовно ажурирање, советот дава дозвола за ажурирање на процената. Дискусија немаше. Со 10 ,,за” беше донесена Одлуката , воздржани и против немаше.

***ТОЧКА 8.Усвојување на Годишна Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2026 година.***

За годишната Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2026 година, објаснување имаше директорот на ЈКП Комуналец Демир Хисар Гоце Мицковски. Во оваа програма ќе има олеснување за наплата на сметките за комунални услуги преку изработување на платформа за електронска наплата на сметки. Планирана е реконструкција на водоводна мрежа во Слепче, Загориче и Утово. Советникот Гоце Јончевски побара објаснување во врска со селекција на отпадот и спомна дека кај зградата на женското одделение од психијатриска болница се збирал пластичен отпад. Директорот објасни дека е дислоциран и во иднина се планирра селекција на целиот отпад со самата изрградба на регионалната депонија. Советничката Валентина Ѓорѓијовска праша во врска со водоводната мрежа во Загориче и Утово, дали е во прашање само реконструкција на истата или комплет со се бунари и базент, и како ќе биди со селектирањето на отпадот дали ќе се селектира по домаќинства, Директорот Гоце Мицковски објасни дека ќе има комплетна санација и реконструкција, а во врска со отпадот моментално и да се селектира по домаќинста потоа пак се носи на едно место на депонија, а со изградбата на регионалната депонија ќе се селектира и по домаќинста и на депонија. Советничката Клара Кузмановска дополни во врска со отпадот да се вметни селекција на отпад стакло. Дискусија повеќе немаше. Со 10 ,,за” беше усвоена годишната програма, воздржани и против немаше.

***ТОЧКА 9.Усвојување на Финансиски извештај за остварени резултати на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2025 до 30.09.2025 година.***

Во врска со финансискиот извештај објаснување имаше Директорот на ЈКП Комуналец Демир Хисар Гоце Мицковски. Дискусија немаше. Со 10 ,,за” беше усвоен финансискиот извештај, воздржани и против немаше.

***ТОЧКА 10.Усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2026 година.***

Објаснување имаше Директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Советничката Маја Велеска согласно член 65 од Статутот на општината нема да учествува во процесот на одлучување во оваа точка. Со 9 ,,за” беше донесена програмата.

***ТОЧКА 11.Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовник за вршење на превоз на ученици врз основа на Одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.***

Објаснување имаше Директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Советничката Маја Велеска согласно член 65 од Статутот на општината нема да учествува во процесот на одлучување во оваа точка. Со 9 ,,за" беше донесена програмата.

***ТОЧКА 12.Донесување на Решение за разрешување и именување на претседател на Комисија за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи.***

Точката беше одложена за на наредна седница, поради тоа што немаше предлог за претседател.

***ТОЧКА 13.Предлози и прашања***

Советничката Валентина Ѓорѓиовска даде предлог со кој се согласија останатите членови на советот да се изврши мерење за јонизирачко зрачење, да се објави повик за мерење како на јонизирачко така и на нејонизирачко зрачење.

Советникот Љупчо Најдовски предложи да се разгледа постапка за збратимување со општина во Словенија.

Советникот Гоце Јончевски се изјасни за превземање на мерки за дрво даб кое било пред психијатриска болница и предизвикувало ризик.

Претседателот Никола Дранговски предложи да се запознаат советниците со целиот имот на општината, да се види што е под закуп дали има договори, дали се завршени итн. Дневниот ред беше исцрпен и Претседателот Никола Дранговски ја затвори седницата.

**Бр17-266/2**
**13.03.2026 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Никола Дранговски**